[redacted]

**До: Општина Демир Хисар**
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: **17648/2022**
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од документот)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Датум: 29.09.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-940/1, 25.09.2023 наш број
0302-797/1, 22.09.2023 ваш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот, [redacted] поднесено на 22.09.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со јавните набавки, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со јавните набавки на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 22.09.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 25.09.2023 година под архивски број 09-940/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 29.09.2023 година, под бр. 09-940/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Работи од областа на јавните набавки во Општина Демир Хисар ги вршат 2 (две) лица.
2. Важечка потврда за положен испит за јавни набавки има 1 (едно) лице.
3. Членовите на комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка.
4. Во прилог, одлуката за јавна набавка за постапката број:17648/2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 05-1315/2
18.10.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ бр.24/19 и "Службен весник на РСМ бр.87/21") Градоначалникот на општина Демир Хисар, донесе:

**ОДЛУКА**
за утврдување на потреба од набавка

Член 1

Општина Демир Хисар има потреба од набавка:Услуги од агенција за привремени вработувања.

Потребата за оваа јавна набавка произлегува од потребата за ангажирање на лица за работа во општината на определено време.

Набавката не е делива бидејќи претставува една целина која не може понатаму да се подели на делови.

Член 2

За реализација на потребата од член 1 од оваа одлука се предвидени средства во Буџетот на општина Демир Хисар во програма Е0 – Општинска администрација, потставка 427 110 - Привремени вработувања.

Проценетата вредност на набавката изнесува 1.000.000,00 денари без ддв.

Член 3

Набавката од член 1 на оваа одлука ќе се изврши како поедноставена отворена постапка согласно член 49 од Законот за јавните набавки.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде економски најповолна понуда која ќе се утврди врз основа на цената на понудата.

Член 5

Постапката за јавна набавка ќе ја спроведе комисија за јавни набавки во состав: Влатко Станковски – Претседател, Соња Наумовска и Јулијана Талевска – членови, Марина Поповска-заменик претседател и Снежана Стојковска и Даниела Карчевска – заменици членови.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски

5. Немаме внатрешни правила врз чија основа ја пресметуваме проценетата вредност на набавките.
6. Немаме дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки.
7. Не, немаме систем за следење на реализација на планот за јавни набавки.
8. Да, по склучување на договор за јавна набавка, градоначалникот со писмено задолжение определува лице за следење на реализацијата на договорот.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------